Врз основа на точка I од Програмата за обука и испит на директори на основни и средни училишта („Службен весник на Република Македонија“ бр.219/15), во врска со член 6 од Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија“ бр. 10/15, 145/15, 192/15 и 30/16), Државниот испитен центар, распишува:

# КОНКУРС
## *за избор на обучувачи*

Државниот испитен центар распишува Конкурс за избор на надворешни соработници - обучувачи кои треба да ја реализираат Програмата за обука и испит на директори на основни и средни училишта, и тоа по **еден обучувач на македонски јазик** за:

- **Модул број 1 – Примена на информатичко-компјутерска технологија при менаџирање во образованието;**
- **Модул број 2 – Теорија на организација;**
- **Модул број 3 – Луѓето во организацијата;**
- **Модул број 4 – Директорот како педагошки раководител;**
- **Модул број 5 – Финансии;**
- **Модул број 6 – Законодавство.**

**Потребни квалификации:**

Кандидатите за обучувачи за модулите од 1 до 6 од Програмата за обука и испит на директори на основни и средни училишта, треба да достават доказ дека ги исполнуваат следните ***општи услови:***

- да имаат најмалку завршено високо образование-VII A ниво на национална рамка на квалификации;
- да имаат најмалку 5 години работно искуство во воспитно-образовна или научна дејност и
- искуство како обучувач од областа на содржината на модулот за кој конкурира.

како и следните ***посебни услови***:

- да имаат завршено најмалку академски студии од втор циклус од соодветната област;
- да имаат објавено стручни, односно научни трудови кои се во функција на актуелната потреба;
- да имаат учествувано со свои трудови на научни и стручни собири.

Исто така потребно е да достават и *План за реализација на содржините од модулот за кој конкурираат*, кој треба да содржи цели, содржини, времетраење, методологии и потребни ресурси за секоја тема поединечно.

Кандидатите треба да имаат искуство во креирање испитни прашања и развиени комуникациски вештини.

Кандидатот во пријавата со која се пријавува за обучувач, треба да наведе за обучувач на кој модул се пријавува. Со пријавата кандидатите ја доставуваат и целокупната документација за исполнување на условите на објавениот конкурс и кратка биографија.

Пријавите со некомплетна и невалидна документација, како и пријавите кои ќе пристигнат по рокот утврден во овој конкурс, нема да се земат предвид.

Државниот испитен центар ќе врши селекција според горенаведените критериуми, а кандидатите кои ќе влезат во вториот круг ќе бидат интервјуирани, по што ќе следи конечен избор.

Кандидатите кои ќе бидат избрани за обучувачи ќе бидат ангажирани за период од две години.

Заинтересираните кандидати можат да ги достават потребните документи **во рок од 7 работни дена**, сметано од денот на објавување на конкурсот во средствата за јавно информирање.

Пријавата со документацијата се доставува во просториите на Државниот испитен центар, на **ул.„Васил Ѓоргов" 6.6 Скопје.**

**Дополнителни информации можат да се добијат на телефонските броеви 02/3 228-866 и 075/300-606 во периодот од 10 до 12 часот и од 13 до 15 часот, секој работен ден.**